РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 1

| Примено: 22. 09. 2011 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 3529/1 | | |

0706
Томбро
22.09.11

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11 и 51/11), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по комуникација за IV одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен слух.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

**НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА**
**УЧЕНИЦИТЕ СО ОШТЕТЕН СЛУХ**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

# КОМУНИКАЦИЈА

**IV ОДДЕЛЕНИЕ**

**ДЕВЕТГОДИШНО**
**ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

Скопје, 2011

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО IV ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да ги поддржува и да ги развива психолошките способности за слушање на гласовите од човечкиот говор што ќе влијае на подобрувањето на неговиот говорен развој (преку користење на преостанатите слушни способности);
- да ги развива когнитивните способности во функција на неговиот интелектуален развој;
- да се оспособи за подобро разбирање со лицата кои слушаат и да воспоставува комуникација со нив;
- да се оспособи за чиста и колку што е можно појасна артикулација;
- да се оспособи за подобра орална комуникација за неговите секојдневни потреби;
- да се поттикнува да ги увиди и да ги коригира говорните недостатоци и неправилности;
- да се оспособи за читање и разбирање на говорот од устата на соговорникот;
- да се оспособи за успешно следење на содржините од наставните предмети.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| I ФАЗА НА ВЕЖБИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>(*Напомена:* Спроведување на процедурите за детекција на слушните и говорните способности на ученикот/ученичката, снимање на актуелниот статус со говорна, тонална и објективна аудиометрија).<br>❖ да се оспособува за правилно ракување со слушниот апарат;<br>❖ да се поттикнува да ја развива способноста за примање сигнали преку слушниот апарат;<br>❖ да се оспособи за одредување на најпогодното ниво за примање на звукот;<br>❖ да се поттикнува да ги распознава звуците и нивните извори; | Аудитивен статус<br><br>Дискриминација на акустичкиот сигнал од различни извори<br><br>Работа на гласот<br><br>Вокали | Говорен статус<br><br>Аудитивен статус<br><br>Слушен апарат<br><br>Слушно поле<br><br>Звук и извор на звукот<br><br>Број<br><br>Интензитет<br><br>Тонски однос<br><br>Траење на звукот | ➜ Детекција на аудитивните и говорните способности на ученикот/ученичката.<br>➜ Вежби за подобро запознавање со слушниот апарат и неговата правилна употреба.<br>➜ Вежби: слушање преку развивање на слушното внимание со примена на соодветни сигнали.<br>➜ Вежби за одредување на најпогодното актуелно ниво за прием на звукот.<br>➜ Вежби: Препознавање звуци произведени од различни музички инструменти.<br>➜ Вежби: подига рака со затворени очи на даден звучен сигнал.<br>➜ Вежби: Слуша звучни сигнали и истите ги брои.<br>➜ Вежби Препознавање на звучен сигнал според интензитетот: слаб-јак; слаб-слаб; јак-јак.<br>➜ Вежби за разликување на два тонски односи (повисок- понизок). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ да се оспособи за дискриминација на:<br>*бројот на сигналите;<br>*интензитетот на звучниот сигнал;<br>*два тонски односи;<br>*траењето на звучниот сигнал;<br>*ритамот;<br>❖ да се поттикнува да слуша и да имитира ономатопејски звуци и шумови во природата;<br>❖ да се особособи за препознавање звуци од окружувањето;<br>❖ да се поттикнува за спонтано добивање на ларингеалниот глас;<br>❖ да се оспособува за правилно поставување на гласот во однос на интензитетот и висината;<br>❖ да се оспособува за правилно изговарање на вокалите;<br>❖ да се поттикнува да изговара вокали со различна должина, јачина и различна местоположба во слогот; | Консонанти<br><br>Именки<br>Глаголи<br>Придавки<br><br>Поставување прашања<br><br>Одговарње на поставени прашања | Ритам<br><br>Звуци и шумови во природата<br><br>Ларингеален глас<br><br>Вокали<br><br>Консонанти | ➜ Вежби за поттикнување за самостојно разликување на траењето на звукот (долго-кратко траење).<br>➜ Вежби: практични активности со примена на ритмите: 4/4; 3/4 и 2/4.<br>➜ Слушаат и имитираат ономатопејски звуци и шумови (самостојно и/или со помош од соученик/наставник).<br>➜ Слушаат, препознаваат и кажуваат какви се звуците на, пример, кога врне дождот, каков е звукот при движењето на автомобил и сл.).<br>➜ Индивидуални активности за добивање и правилно поставување на интензитетот и висината на ларингеалниот глас.<br>➜ Вежби со вокали: долги, кратки и преминот меѓу нив.<br>➜ Вежби: артикулација на вокали со различна должина, јачина и различна положба во слогот.<br>➜ Вежби: комбинирање на консонанти со вокали со различна должина (во иницијална, медијална и финална положба-со употреба на зборови од актуелниот вокабулар во корелација со текстовите по македонски јазик). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ да се поттикнува да применува консонанти во комбинација со вокали со различна должина (во иницијална, медијална и финална положба);<br>❖ да се оспособува за квалитетно и точно слушно дискриминирање и изговарање на гласовите во едносложни и двосложни зборови;<br>❖ да се поттикнува да увежбува одреден глас во рамките на зборот (во сите три положби);<br>❖ да се оспособува за коректно изговарање на вокалите со различна должина;<br>❖ да се поттикнува да употребува именки, глаголи, придавки и сл.;<br>❖ да се поттикнува да поставува прашања;<br>❖ да се стимулира да ги разбира поставените прашања. | | Именки<br><br>Глаголи<br><br>Придавки<br><br>Прашања | ➜ Вежби на одредени гласови во зборовите во иницијална, медијална и финална положба (со акцент на зборовите од текстовите предвидени за соодветното одделение).<br>➜ Вежби: примена на различна должина на вокалите во зборовите во зависност од контекстот на говорната ситуација и/или во посебни зборови.<br>➜ Вежби: правилна употреба на именките (со набројување на предмети од окружувањето).<br>➜ Вежби: правилна употреба на глаголи со претходно усвоените поими во контекстна ситуација.<br>➜ Вежби за правилна употреба на придавките во одреден контекст).<br>➜ Вежби: поставување и разбирање на поставените прашања.<br>➜ Вежби за правилно дишење при говорење. |

| II ФАЗА НА ВЕЖБИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>❖ да разликува човечки говор од други звуци;<br>❖ да ги користи ритмичките стимулации и ритамот во функција на развојот на говорот (бројалки);<br>❖ да се стимулира да ги коригира и практично да ги применува изучените гласови;<br>❖ да се поттикнува да го подобрува квалитетот и должината на артикулацијата на вокалите;<br>❖ да ги разликува гласовите според звучноста и местото на градба;<br>❖ да се поттикнува да го коригира изговорот на гласовите во зборовите (во иницијална, медијална и финална положба);<br>❖ да се поттикнува правилно да ги употребува заменките; | Сложена перцепција и техника на говорот<br><br>Ритам во говорот<br><br>Слушно перципирање на зборови | Говор<br><br>Глас | ➜ Вежби: Слушање говор од различни извори на звук.<br>➜ Вежби: разликување на гласовите.<br>➜ Вежби: ритмички стимулации.<br>➜ Вежби со бројалки.<br>➜ Вежби за примена на изучените гласови и корекција (перманентен аудитивен тренинг).<br>➜ Вежби: изолирани вокали, комбинација со повеќе вокали.<br>➜ Вежби за разликување на гласовите според звучноста и местото на градба ( дисторзирани, супституирани).<br>➜ Вежби: корекција на гласовите во зборови (иницијална, медијална и финална положба).<br>➜ Вежби: правилна употреба на заменките во одреден контекст.<br>➜ Разговор според слики (3-4 во низа).<br>➜ Драматизација во која ученикот употребува заменки.<br>➜ Разговори (кратки дијалози) во кои ученикот употребува придавки (во контекстна ситуација). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ да се поттикнува да води разговор според слики;<br>❖ да се поттикнува првилно да употребува придавки;<br>❖ да се поттикнува правилно да употребува глаголи;<br>❖ да се оспособува да опишува дејство кое сам/а го врши;<br>❖ да се оспособува самостојно да поставува прашања;<br>❖ да се оспособува за самостојно искажување на дејство;<br>❖ да се оспособува да опишува предмети по сопствен избор;<br>❖ да се оспособува да опишува слики;<br>❖ да се оспособува да опишува лично доживување;<br>❖ да се оспособува за искажување желби, чувства или состојби;<br>❖ да се оспособува за употреба на одречни или расказни реченици; | Слушно перципирање на реченици<br><br>Поставување прашања<br><br>Самостојно изразување | Именки<br><br>Заменки<br><br>Еднина<br><br>Множина | ➜ Вежби: правилна употреба на глаголи во прости реченици.<br>➜ Вежби: зборува во сегашно време - дејство кое сам/а го врши.<br>➜ Вежби за поставување, разбирање и одговарање на поставени прашања.<br>➜ Вежби: примена на проста реченица (дејство кое го врши или е прикажано со слики).<br>➜ Вежби: опишува предмет со кажување на одликите: боја, големина, форма, намена и сл.<br>➜ Со проста реченица опишува слика (без многу предмети и лица) именува лица, опишува дејства што некој ги врши на сликата и сл.<br>➜ По даден налог опишува сопствено доживување.<br>➜ Вежби: искажува желби, чувства, состојба и сл.<br>➜ Вежби: употребува куси расказни или одречни реченици.<br>➜ Вежби: правилна употреба на поздрави, конвенционални изрази и сл.<br>➜ Вежби: правилна употреба на лични имиња на лицата од опкружувањето. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ да се оспособува правилно да користи различни видови на конвенционални поздрави;<br>❖ да се оспособува правилно да го изговара сопственото име и личните имиња на другите лица кои го окружуваат;<br>❖ да се оспособува и да се поттикнува да води разговори за потесното семејство;<br>❖ да се оспособи за одговарање на прашања поврзани со перцепцијата на просторот (субјективен, гестуален и објективен). | | Поздрави<br><br>Лично име | ➜ Вежби: Разговори за членовите на потесното семејство и сл.<br>➜ Вежби: одговара на прашања од типот - Кој се наоѓа лево од тебе? Што има горе, над тебе? и сл. |

| III ФАЗА НА ВЕЖБИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>❖ да ги разликува тактовите со одбројување на удари;<br>❖ да се оспособува за разликување на акцентираните и неакцентираните слогови во зборовите;<br>❖ да се оспособува да ги воочува разликите меѓу гласот, зборот и реченицата;<br>❖ да се оспособува да разликува двосложни и трисложни зборови ( преку слушање);<br>❖ да се оспособува за слушна перцепција и изговарање на поимите во еднина и множина;<br>❖ да се оспособува за слушна перцепција и изговарање реченици (применува еднина и множина);<br>❖ да се стимулира да слуша и да изговара реченици; | Слушна перцепција<br><br>Слушна перцепција и изговарање на зборовите<br><br>Слушна перцепција и изговарање реченици<br><br>Слушање и изговарање конвенционални модели (секојдневни изрази) - самостојно изразување | Ритам<br><br>Слог<br><br>Збор<br><br>Реченица | ➧ Вежби: разликување на различни тактови со одбројување на удари снимено на ЦД, компјутер и сл.<br>➧ Вежби: препознавање и разликување на акцентиран и неакцентиран слог во зборовите (правилно акцентирање на зборовите).<br>➧ Вежби: препознвање и разликување глас, збор, реченица.<br>➧ Вежби: воочување разлика меѓу двосложните и трисложните зборови по пат на слушање (се употребуваат бројалки).<br>➧ Вежби за слушна перцепција и разликување на поимите изговорени во еднина и множина.<br>➧ Вежби за слушна перцепција на реченици (примена на еднина и множина).<br>➧ Вежби: реченици со придавки со спротивно значење (добро- лошо, големо-мало и сл.).<br>➧ Вежби: примена на предлози (во, на кај, со и сл.).<br>➧ Вежби: составување прости реченици со правилна примена на сврзници. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ да слуша и да изговара реченици со различни предлози;<br>❖ да слуша и да изговара реченици (правилна примена на сврзниците);<br>❖ да слуша и да изговара реченици со глаголи во сегашно и минато време;<br>❖ се оспособува самостојно да изразува пријатни и непријатни чувства и состојби;<br>❖ да се оспособува да применува секојдневни поздрави;<br>❖ да се оспособува да слуша и правилно да изговара прашања;<br>❖ да се оспособува за самостојно изразување преку опишување на слика, предмет, лично доживување;<br>❖ да се оспособи за именување на растенија, животни и предмети; | | Прашање<br><br>Одговор<br><br>Чувства<br><br>Доживу-<br>вање | ➜ Вежби: правилна примена на заповеден начин (Те молам отвори ја вратата. Те молам дојди! ).<br>➜ Вежби: правилна примена на реченици со глаголи во сегашно време.<br>➜ Вежби: правилна примена на реченици со глаголи во минато време: Јас купив бонбони и сл.<br>➜ Вежби: правилно изразување потреби, желби, чувства, состојби и сл.<br>➜ Вежби: правилна употреба на секојдневните поздрави.<br>➜ Вежби: слуша и правилно изговара прашања.<br>➜ Вежби: самостојно опишува даден предмет, слика, зборува за некое свое доживување.<br>➜ Вежби за именување на растенија, животни и предмети со помош на илустрации.<br>➜ Вежби: одговарање на прашања кои се однесуваат на животот и активностите во училиштето и сл. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ да се оспособи да одговара на прашања поврзани со перцепцијата на времето (хронолошки редослед на настани; вклопеност на времетраење на одредени настани и активности и сл.). | | | |

| IV ФАЗА НА ВЕЖБИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>❖ да се оспособи да препознава и да разликува музика и говор (слушање програма на радио);<br>❖ да се оспособи да препознава музички ритми;<br>❖ да се оспособи да препознава и да разликва машки од женски глас;<br>❖ да се оспособи да го распознава говорот во одреден контекст; | Препознавање на говорот<br><br>Препознавање-разликување на машки и женски гласови<br><br>Препознавање-разликување на трисложн ии повеќесложни зборови | Музика<br><br>Говор<br><br>Акцент | ➜ Вежби: слуша радио и се обидува да разликува говор и различни видови музика.<br>➜ Вежби: Слуша снимен материјал и препознава музички ритми, машки и женски глас, препознава говор и сл.<br>➜ Вежба: изговор и корекција на согласнички групи во дадени зборови.<br>➜ Вежба: слушање трисложни и повеќесложни зборови (во истите зборови вежба на акцентот). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ да се поттикнува за изговар и корекција на согласничките групи во зборовите;<br>❖ да се поттикнува да слуша и да изговара трисложни и повеќесложни зборови;<br>❖ да се оспособи да го воочи акцентот во трисложните и повеќесложните зборови;<br>❖ да се поттикнува да слуша реченици од три и повеќе зборови;<br>❖ да се поттикнува да слуша реченици составени од повеќе зборови при што два збора се менуваат;<br>❖ да се поттикнува да применува реченици со глаголи во сегашно, минато и идно време;<br>❖ да се оспособи правилно да дополнува испуштени зборови во дадени реченици;<br>❖ да се оспособи да поставува и точно да одговара на поставени прашања;<br>❖ да се поттикнува правилно да употребува предлози; | Реченици-видови<br><br>Прилози<br><br>Предлози<br><br>Сврзници | Прилози<br><br>Предлози<br><br>Сврзници<br><br>Лични заменки | ➜ Вежби: слуша и правилно употребува реченици составени од три и повеќе зборови.<br>➜ Вежби: слуша реченици од три и повеќе зборови во кои два збора се менуваат и сл.<br>➜ Вежби: слуша и правилно изговара реченици со глаголи во сегашно, минато и идно време.<br>➜ Вежби: дополнува испуштени зборови во реченици и сл..<br>➜ Вежби: поставување прашања и разбирање на поставените прашања.<br>➜ Вежби: правилна употреба на предлозите во речениците.<br>➜ Вежби: правилна употреба на прилозите во речениците.<br>➜ Вежби: правилна употреба на сврзници.<br>➜ Вежби: правилна употреба на заменки.<br>➜ Вежби: правилна употреба на личните заменки.<br>➜ Вежби: правилна употреба и слушање на секојдневни вообичаени изрази и сл.<br>➜ Вежби: самостојно опишува слики на кои е претставено некое годишно време кое е претходно обработено. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ да се поттикнува правилно да ги употребува прилозите;<br>❖ да се поттикнува правилно да ги употребува сврзниците;<br>❖ да се оспособува правилно да ги употребува заменките;<br>❖ да се оспособува правилно да ги употребува личните заменки во множина;<br>❖ да се поттикнува да слуша и правилно да изговара секојдневни изрази;<br>❖ да се поттикнува самостојно да опишува по дадени слики (годишни времиња и сл);<br>❖ да се стимулира самостојно да опишува обработена приказна или басна по дадени слики. | | | Вежби: самостојно по слики опишува претходно обработена приказна, басна и сл. |

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Програмата комуникација за учениците со оштетен слух претставува препорака како да се изведуваат вежбите во слушното и говорното перципирање. Ова треба да послужи и како упатство во реализацијата на програмските содржини, а на основа на веќе претходно стекнатото општо знаење од аудиометодиката.

Изведувањето на содржините предвидени со наставниот предмет комуникација треба да бидат во тесна корелација со другите наставни предмети - посебно предметите македонски јазик и запознавање на околината.

Програмата за комуникација за четврто одделение е продолжение на програмата за комуникација за трето одделение. Пред да се започне со реализација на содржините од програмата треба да се направи проверка на слушниот статус кај учениците.

Во работата на развитокот на слушната перцепција треба да има предвид дека субјект во работата е ученикот/ученичката кој има оштетен слушен анализатор кој е различен кај секое дете.

Пристапот, планирањето и методите на работа треба да бидат индивидуализирани и прилагодени на психофизичките диспозиции на слушниот анализатор на детето. Севкупниот напор во работата на слушната и говорната перцепција треба да се насочи кон тоа учениците да се научат да ги користат остатоците на слухот.

Неопходно е спроведување на континуиран аудитивен тренинг кај сите ученици со слушни оштетувања со поинтензивна работа на оние гласови кои се оштетени (дисторзирани, супституирани).

Содржините кои се дадени во програмата конципирани се според современите лингвистички принципи кои им даваат можност на децата со оштетен слух вежбајќи да учат активен говор.

Се препорачува почетна индивидуална работа со цел утврдување на можностите за перцепција на Говорот, како и можностите за употреба на говорниот јазик, како и работа во групи, односно тандемска работа со цел подобрување на вербалната комуникација меѓу учениците со оштетен слух.

Програмата комуникација е задолжителна и застапена е со неделен фонд од 2 часа и годишен фонд од 72 часа;

## 4. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Програмата комуникација може да се реализира во посебно опремени кабинети со добра звучна изолација.Тие треба да се опремени со посебни апарати за изведување на вежбите за слушна и говорна перцепција (апарати за линеарно појачување, со селективна амплификација, со филтри, индикатор на интензитетот, вибратор и др.).

## 5. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа може да ја изведува лице кое завршило:

- Филозофски факултет - Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

**Изготвил:** работна група,
координатор Марија Симонова, советник во Бирото за развој на образованието-Скопје
**Одобрил:** м-р Митко Чешларов, раководител на Сектор во Бирото за развој на образованието-Скопје

## 6. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по комуникација за четврто одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен слух, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-4432/41
13.09 2011 год.
СКОПЈЕ

на ден ----------------------------------------------

Скопје

Министер,

м-р Панче Кралев